***Број: 02 - ___________***
***________ 2017 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од CCXIV-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 14 ноември 2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Славица Костовска, самостоен стручен соработник за буџетирање, план и анализа (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Поради отсуството на претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска, седницата ја водеше заменикот на претседателот Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Наведе и дека отсутната Ина Манчевска врз основа на членот 22 на Деловникот за работата на Управниот одбор, по пат на е-меил извести за своето гласање по*

*однос на предложените точки односно позитивно се изјасни по предлозите. На тој начин, доколку не дојде до промена на предлозите, во гласањето ќе се смета и нејзиниот глас. Илија Глигоров исто така се произнесе по пат на е-меил, но бидејќи е присутен на седницата, ќе може да се изјасни непосредно при одлучувањето на одделните точки, па неговото гласање по е-меил нема да се земе во вид. Потоа Ангел Митевски го прочита претходно доставениот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записниците од 205, 206, 207, 208, 209, 210, 211, 212 и 213 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година;*

*Информативно:*

5. *Извештај за реализација на средствата од буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот 1 јануари – 31 јули 2016 година;*

6. *Разно.*

*Предлогот беше прифатен, со што за работата на CCXIV-та седница Управниот одбор едногласно усвои следниот*

***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записниците од 205, 206, 207, 208, 209, 210, 211, 212 и 213 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година;*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат*

*специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година;*

4. *Предлог за донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година;*

*Информативно:*

5. *Извештај за реализација на средствата од буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот 1 јануари – 31 јули 2016 година;*

6. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

- *Усвојување на записниците од 205, 206, 207, 208, 209, 210, 211, 212 и 213 седница на Управниот одбор*

*Управниот одбор без забелешки, ги усвои записниците од 205-та седница одржана на 17 август 2016, 206-та седница одржана на 19 август 2016, 207-та седница одржана од 24 до 25 август 2016, 208-та седница одржана на 30 август 2016, 209-та седница одржана од 9 до 11 септември 2016, 210-та седница одржана на 19 септември 2016, 211-та седница одржана на 5 октомври 2016, 212-та седница одржана од 13 до 14 октомври 2016, и 213-та седница одржана од 28 до 31 октомври 2016 година. Ина Манчевска во своето изјаснување по пат на е-меил наведе дека е воздржана во однос на записниците од 205, 206, 207, 208, 209 и 210 седница затоа што не учествувала во работата на тие седници.*

***ТОЧКА 1 -*** *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година*

*Директорот Стефаноски и Ангел Митески дадоа објаснување наведувајќи дека предлогот за изменување на договорниот надоместок за јавните здравствени установи за 2016 година се однесува на вкупно четиринаесет установи за кои се предлага зголемување на договорниот надоместок за вкупно 111 милиони денари. Зголемувањето се однесува на три здравствени домови, седум општи болници, една специјална болница, две универзитетски клиники и Институтот за трансфузиона медицина на РМ. Зголемувањето се предлага поради поголемо остварување на видот и обемот на здравствени услуги во 1, 2 и 3 квартал на годината, проширување на дејноста со нова модернизирана опрема, тешка финансиска состојба, периодично блокирани сметки, опасност од идни блокирања на сметки по основ долгови кон добавувачи на лекови, медицински потрошни материјали, режиски трошоци и друго. Воедно со зголемувањето се опфатени и дел од јавните здравствени установи за кои согласно Одлуката на Владата на РМ за 2016 година (т.н неодржливи) е потребно нивно целосно финансирање од Фондот. Средствата за зголемување се обезбедени од ставката здравствени услуги на буџетот на Фондот за 2016 година, со внатрешна прераспределба од видовите на здравствени услуги.*

*Потоа дискутираа и останатите членови на Управниот одбор при што поставуваа прашања и бараа дополнителни објаснувања кои ги даваа директорите Стефаноски и Рамадани. Директорот Стефаноски наведе дека Фондот ќе ја зголеми дисциплината во плаќањата на јавните здравствени установи со воведување на контрола на што се однесуваат фактурираните трошоци. Следствено на тоа, нема да*

*ги одобрува непродуктивните трошоци доколку не се намирени, односно платени основните потреби кои се однесуваат на давањето на здравствени услуги.*

*На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2016 година***

*со која се утврди нова висина на договорните надоместоци на четиринаесет јавни здравствени установи.*

**ТОЧКА 2 -** *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година*

*Во рамките на втората точка на дневниот ред, по објаснувањето на Бранислава Катушевска, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година***

*со која се намали висината на договорниот надоместок на една здравствена установа поради престанување на договорот склучен со Фондот.*

*За оваа точка пред седницата беше поделен нов материјал, поради што гласањето на Ина Манчевска по е-меил не се зеде во вид.*

**ТОЧКА 3 -** *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година*

*И во рамките на третата точка на дневниот ред, по објаснувањето на Бранислава Катушевска, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година***

*со која се намали висината на договорниот надоместок на една здравствена установа поради престанување на договорот склучен со Фондот.*

**ТОЧКА 4 -** *Предлог за донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена*

*заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година*

*Управниот одбор, врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година***

*со која се утврди месечен износ на средства за нова аптека – аптекарска станица која е дел од мрежата на здравствени установи.*

***ТОЧКА 5 –*** *Извештај за реализација на средствата од буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот 1 јануари – 31 јули 2016 година*

*Во рамките на петтата точка на дневниот ред, Славица Костовска пред Управниот одбор го изложи Извештајот за реализација на средствата од буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот 1 јануари – 31 јули 2016 година, кој беше на дневниот ред како точка за информирање. Во врска со извештајот не беа донесени одлуки или заклучоци.*

*Бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката 6 – Разно, по разгледувањето на точката 5 дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата на CCXIV-та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Ангел Митевски***

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*